**З А П И С Н И К**

**Од 51- та редовна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево ја одржа педесет и првата редовна седница на ден 15.02.2017 година (среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Сашко Димитриев и Гонца Ангелова.

На седницата присуствуваше Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи, Бранко Андонов, Габриела К. Ефтимова одговорна во одделението за финансии, и средствата за јавно информирање,

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на 51 –та седница отвори расправа по Записникот од 50-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 18.01.2017 година никој не се јави за збор беше ставен на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

За работа на 51 –та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. **Предлог – Одука** за комунален ред и мерки за нејзино спроведување.

2. Извештај за реализација на Програмата за изградба , реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2016 година.

3. **Предлог – Програма** за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2017 година.

4. **Предлог – Програма** за измена и дополнувањрена Програмата за уредување на просторот на градежно земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2017 година.

5. **Предлог – Одлука** за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година.

6. **Предлог – Одлуката** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година.

7. **Донесување на Одлука** по Барањето за добивање на финансиски средства поднесено од Ловното Друштво „ фазан“ Василево.

По отворената расправа по дневниот ред никој не се јави за збор беше ставен на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

**1.**

По отворената расправа по првата точка: Предлог – Одука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дености и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ немаше, предлага до Советот ја ја разгледа и усвои.

Немаше друг пријавено за збор точката: **Предлог – Одука** за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ немше.

**2.**

По отворената расправа по втората точка: Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2016 година за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ немаше.

Немаше друг пријавено за збор точката, Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2016 година беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со со 13 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**3.**

По отворената расправа по третата точка: **Предлог – Програма** за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2017 година за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа „за“ „против“1 и „воздржани“ нема.

Душко Атанасов член на Советот на општина Василево во врска со точката која е на дневен ред колку што е запознаен рече дека се работи за изработка на Детален урбанистички план на КО Добрашинци и КО Нова Маала се работи за подобно и плодно земјиште каде што малцинствата барат на тоа земјиште да склучат договор да може да садат тутун за егзистенција за живот а советниците ќе гласат да биде дадено за ископ на песок на фирмата ДПТУ ПОРТЛАНД-ОПЦ ДООЕЛ на лицето Митко Чавков бивши Министер сега директор од владеачка партија на ВМРО – ДПМНЕ, смета дека донесување на таква Одлука на советниците не е исправна и не треба земјиште на КП Бр.1733 и КП Бр.1732 да се издава за ископ на песок се работи за големи површини едната површина е од 400 декари другата и 180 декари на тие површини нетреба да се донесуват

урбанистилки планови се знае каде се донесуват урбанистички планови во населени места а не вон населени места и според него советниците нетреба да донесат таква избрзана Одлука.

По затворената расправа точката: **Предлог – Програма** за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2017 година, беше ставен на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „за“ „против“4 и „воздржани“ нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка: **Предлог – Програма** за измена и дополнување Програмата за уредување на просторот на градежно земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2017 година за збор се јави Драги Митев Претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа „за“ „против“и „воздржани“ нема.

Немаше друг пријавено за збор точката, **Предлог – Програма** за измена и дополнувањрена Програмата за уредување на просторот на градежно земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2017 година беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**5.**

По отворената расправа по петата точка:. **Предлог – Одлука** за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година за збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема, предлага до Советот да ја разгледа и усвои.

Немаше друг пријавено за збор точката **Предлог – Одлука** за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година, беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа „за“ „против“нема и „воздржани“ 3

**6.**

По отворената расправа по шестата точка:. **Предлог – Одлуката** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година. за збор се јави Силвана Јованова Претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ немаше.

Немаше друг пријавено за збор точката:. **Предлог – Одлуката** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2017 година беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа „за“ „против“нема и „воздржани“ 3

**7.**

По отворената расправа по седмата точка:. **Донесување на Одлука** по Барањето за добивање на финансиски средства поднесено од Ловното Друштво „ фазан" Василево за збор се јави Силвана Јованова Претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата ја разгледа, незин предлогот беше да се доделат средства во висина од 35.000 денари од 3 присутни члена комисијата го усвои предлогот со 3 гласа „за" „против" и „воздржани" нема. Предлага до Советот и тој да го усвои.

Немаше друг пријавено за збор Предлогот на Силвана Јованова да се доделат финансиски средства во висина од 35.000 денари по Барањето поднесено од Ловното Друштво „ фазан" Василево. беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа „за" „против" и „воздржани" нема.

Точката:. **Донесување на Одлука** по Барањето за добивање на финансиски средства поднесено од Ловното Друштво „ фазан" Василево со предлогот на Силвана Јованова да се доделат финансиски средства во висина од 35.000 денари. беше ставена на гласење од присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „за" „против" и „воздржани" нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 51-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
**Драги Митев**